**И З В Е ШТАЈ**

Од одржаната мобилност на тема: **“Conflict Management and preventing Cyber-physical-emotional Bullying”**, во Анталија, Турција. Обуката беше организирана од страна на провајдерот: “Sherlock Edu”, Велика Британија. На седумдневната обука во периодот од **17.05 - 23.05.2021** присутни беа: Јовица Остојиќ, директор и Бранка Димевска Коцева, наставник од основното училиште ООУ „Кочо Рацин“.

На обуката беа презентирани видовите на насилство кои најчесто се јавуваат кај децата, со посебен акцент на сајбер, психолошко и физичко насилство. Во текот на седумдневната обука се зборуваше за врсничкото насилство и како истото влијае врз жртвите, но и врз агресорот. Се развија дискусии за начинот на справување со ваквото однесување во различни земји како и за поддршката која ја добиваат жртвите.
Преку игри, вежби и активности се запознавме со начините за работа со учениците со цел превенција на несоодветно однесување кое може да доведе до меѓуврсничко насилство.

Целта на обуката е да им се помогне на наставниците да ги препознаат жртвите на меѓуврсничко насилство, како и да се стекнат со вештини за справување со истото.

**Извештајот го подготвија:**
**Бранка Димевска Коцева,** наставник по историја во ООУ “Кочо Рацин”, Скопје, координатор на проектот со наслов: **“Dealing with challenging behavior”**
**Јовица Остојиќ,** директор ООУ “Кочо Рацин”, Скопје, и дел од проекниот тим во реализација на **Еразмус КА101** проектот со наслов: **“Dealing with challenging behavior”**




Erasmus+






yediiklim

